**П Р О Г Р А М А**

**за активностите на општина ВАЛАНДОВО во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2026 година**



Валандово декември 2025

Оваа Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Валандово за 2026 година е изработена врз основа на **Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за унапредување на родова еднаквост на национално ниво .**

Приоритетните области, мерките и активностите како и одговорните институции и лица за спроведување на проектите и активностите од Програмата за еднакви можности и Акцискиот план за еднакви можности за 2026 се во согласност со Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година на МТСП .

Основната цел на оваа Програма е да се подобри статутот на жените и да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност и борбата против дискриминацијата.

Локалната заедница преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество за сите граѓани еднаков пристап кон општинските ресурси .

Општина Валандово како давател на услуги и застапник на интересите на граѓаните, има обврска да го артикулира прашањето на родовата рамноправност и да се стреми кон изградба на инклузивна заедница за жените и мажите, девојчињата и момчињата. Локалната заедница игра клучна улога во создавањето безбедни и здрави услови за заедниците на кои им служи. Комисијата за еднакви можности на мажите и жените, како постојано тело на Советот е одговорна и посветена на промоција и операционализација на прашањето за родовата рамноправност преку конкретни мерки и активности. Локалните власти можат да ги менуваат политиките, односно програмите и плановите со интегрирање на родово-сензитивни мерки, како и да се залагаат за партнерства и испорачување на услугите согласно потребите на заедницата, земајќи ги предвид специфичните потреби и можности на жените и мажите, девојчињата и момчињата.

Ваквите нееднаквости се резултат на социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со наметнување на нов пристап и правење на структурни промени.



Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените, претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност во Република Северна Македонија, е уставна категорија.

Локалниот акциски план за еднакви можности на Општина Валандово, тргнува од принципите на родовата еднаквост кои ги допираат генерално и човековите права гарантирани со Уставот.

Исто така како бенефит од Стратегијата и Програмата со нејзиниот оперативен иден план се очекува подобрување на механизмите за родова еднаквост на локално ниво како и ефикасно креирање на политики и родово одговорно буџетирање .

**Општина Валандово** преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, превзема конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество .

Локалната самоуправа, како интегрален дел на структурата на власта, според својата уставна поставеност е најблиска до граѓаните во контекст на донесувањето одлуки за нивните животни услови. На тој начин секоја единица на локална самоуправа ја има клучната улога во обезбедување социјални, економски и политички права за сите граѓани во заедницата.

Почитувајќи го принципот на еднакви можности, локалната заедница може да направи значајни промени и поместувања кои ќе доведат до подобра положба на жените во општината, при тоа правејќи анализи за родовата рамноправности детектирајќи ги слабостите, подобрувајќи го пристапот на жените и останатите маргинализирани групи граѓани до инфраструктурата, подобрувајќи го планирањето и употребата на земјиштето ,зголемувајќи го промовирањето на жените на раководните функции и добрите работни места, промовирајќи го спортот и рекреацијата кај женската популација, подобрувајќи го пристапот на жените и останатите социјално ранливи категории и маргинализирани групи до здравствените и социјалните услуги.



**Приоритетни области** во локалната заедница на кои треба да се насочат активностите и интензивира работата во 2026 година за воведување на родова рамноправност во усогласеност со Стратегијата за унапредување на родовата еднаквост за 2012-2027 се:

## 1. Родово одговорно образование

Сметајќи дека образованието е најчесто проактивно во поглед на намалувањето на влијанието на женската стереотипизација која доаѓа и од домот, но и од останатито опкружување, внесување на теми и дискусии во училиштата уште од најрана возраст . За истите со помош на стручните служби целосно ќе се трудиме да бидат надминати и ќе се занимаваме со родовите разлики и нивното надминување како неопходност за идните планирани активности.

Во наредната година ќе продолжи подршката на општина Валандово на Женскиот фудбалски клуб “Победа” од Валандово кој успешно се справува со нееднаквоста во спортот посебно во фудбалот кој е нетипичен спорт за девојчиња. Од голема важност за ЖФК “Победа “ е поддршката од Општина Валандово која несебично финансира проекти за подигање на свеста на граѓаните/граѓанките. Спортски настани од ваков тип се организираат редовно на територија на нашата општина и со гостување во други општини.

Најважната цел од овие натпревари е да ја подигне свеста кај децата уште од најмала возраст дека не постојат нееднаквости помеѓу жените и мажите односно девојчињата и момчињата.

Континуирано ќе се спроведуваат и едукативни предавања за намалување на меѓуврсничкото насилство т.н булинг во училиштата.

Промена на перцепцијата за родовиот идентитет е долготраен и макотрпен процес, но може да се промени само и единствено со промена на општествено поимање на идентитетите кое ќе овозможува и промовира нестереотипно, а тоа мора да започне од училишните клупи.



Во рамки на општинското стручното средно образование СОУ“Гоце Делчев” Валандово од моментот кога се воведе дуалното стручно образование редовно се презентираат трибини и работилници . На истите учество земаат покрај професорите и стручни соработници од најразлични профили и посебно се потенцира родовата еднаквост и неделивоста на стручните профили на строго “машки” и “женски” .Исто така како дел од активностите кои ги организира средното училиште е и спортски ден во кој еднакво земаат учество и девојчињата и момчињата .

Во Програмата за еднаквите можности исто така ќе се продолжи со понатамошна подршка на стручното средно образование и на нивните веќе планирани активности. Исто така во ЦОУ Јосип Броз Тито Валандово и ОУ Страшо Пинџур Јосифово и нивните подрачни училишта континуирано се спроведуваат сите кампањи за родовобазирано , дигитално и сексуално насилство преку едукативни предавања и трибини кои ги спроведуваат стручни лица вработени во самите училишта во соработка со надворешни надлежни институции.

## 2. Спречување на родово базирано насилство;

Република Северна Македонија стана една од првите земји во регионот кои ја потпишаа Конвенцијата на Советот на Европа за борба и превенција на насилство врз жената и семејно насилство (Истанбулска конвенција, 2011) . Ова претставува значаен чекор, бидејќи конвенцијата е првиот меѓународен правно обврзувачки документ кој специфично го адресира насилството врз жената која преку Програмата за социјална заштита преку други механизми работи денонoќно и инвестира средства и човечки ресурси за борба против родово базирано насилство.

Под закрила на настаните 16 дена активизам за борба против родовобазирано насилство ќе се реализираат настани и активности за подигање на свеста и за охрабрување на жртвите на насилство истото соодветно да го пријават но исто така и се апелира до надлежните институции да превземат координирани и ефикасни мерки за нивна заштита .



Овие настани имаат за цел да создадат простор ,каде што жртвите ќе можат да се инспирираат и да се поддржуваат еден со друг , поттикнувајќи чувство на заедница и зајакнување . Ова е исто така платформа на жените кои доживеале дигитално родовобазирано насилство во која можат да ги споделат своите приказни .

.

**3**. **Еднакво учество на жените во јавниот и политичкиот живот**

Еднаквото учество на жените во процесите на одлучување во јавниот и политичкиот живот, е од витално значење за демократијата на секоја земја. Напорите на Република Северна Македонија во изминатите години за поголемо вклучување на жените покажуваат позитивни достигнувања, но сепак резултатите посочуваат дека се уште има простор да се работи на тоа прашање.

Така, забележан е позитивен тренд онаму каде законодавецот предвидел конкретни мерки. Жените од урбаните средини учествуваат во поголем процент во покренувањето на локалните иницијативи и во нивното спроведување, исто така и нивната застапеност во органите и телата на одлучување е многу поголема за разлика од жените од руралните средини. За жал во руралните средини се уште постои стереотипното гледање на улогата на жената во општеството. Од страна на сите општини се истакнува како позитивно постоењето на афирмативните мерки за учество на жената во Советите на локалните самоуправи. Но, сите сметаат дека ова афирмативна мерка треба да се промени, односно да се зголеми процентот на учество на жената преку нова мерка, а исто така се потенцира и потребата оваа мерка да се прошири на останатите тела и органи на одлучување на локално ниво, а не да биде само за учество на жените на кандидатските листи за избор на советници во локалните самоуправи. Општините сметаат исто така дека е неопходно да се преземаат повеќе мерки за намалување на невработеноста кај жените со цел намалување на економската зависност на жените од мажите бидејќи економски зависната жена не може да биде вклучена во политичкиот и јавниот живот.



Да се свикуваат состаноци на Акциониот план на координативното тело за родова еднаквост. Потребно е да се разгледуваат сите предлози кои се доставуваат до Совет на општина Валандово со цел да се стави акцент на предлозите за зголемено учество на жени на јавни и одлучувачки позиции . Потребно е и во идина по можност и по иницијатива на Координаторот на комисијата за еднакви можности да се свикува состанок со членовите од комисијата со цел да ја вметнуваат родовата компонента во програмите и документите кои се во надлежност на секторите и одделенијата во кои работат.

Исто така се даваат Препораки за посеризен пристап кон планираните теми за понатамошна реализација покрај на планираните активности исто така и на додавање на дополнителни актуелни теми низ тековната година .

Водење и прибирање на родово одговорна статистика.. Овие податоци ќе бидат вметнати во табели и ја рефлектираат разликата на нееднаквостите помеѓу мажите и жените во различни сфери на животот. Ваквата статистика е од големо значење при креирање на локалните политики и програми со интегриран родов аспект. Од досега постигнатото по ова прашање ќе истакнеме дека новиот состав на Советот на Општина Валандово брои 15 члена , Претседателот на Совет е жена а советниците се 6 жени и 8 мажи.
Структурата и составот на членовите во Управни и Надзорни одбори е исто така видно променета во корист на помалку застапениот пол низ годините а тоа се жените

**4. Подобрување на економската состојба на жените во општина Валандово и нивно економско засилување**

Реализација на обуки за подобрување на пристапот на пазарот на труд и зголемување на конкурентноста на пазарот на трудот –подобрување на пристапот и зголемување на конкурентноста на жените на пазарот на труд преку подобрување на нивните вештини за вработување и самовработување. Постојани обуки се организираат под менторство на АВРМ за компјутерски вештини , полагање на возачки испит за најчесто бараните категории со што можност да се усовршуваат добиваат сите категории на граѓани со акцент на најранливите категории.



Продолжуваме и со другите мерки кои успешно се спроведуваат и досега како што е еднократна помош за новороденче.

Продолжува исто така и ангажманот на  лични образовни асистенти со тенденција оваа бројка да расте доколку за тоа се укаже потреба во редовниот образовен процес во основните училишта во општина Валандово. Анализите  покажуваат дека мајките се тие кои се најчесто поголем дел од денот ангажирани со децата со попреченост па затоа преку личните асистенти за ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес токму мајките имаат слободно време за извршување на свои секојдневни потреби како и за вработување, а со тоа и нивно економско јакнење.

Исто така продолжува и понатаму соработката со сите досегашни соработници од областа на НО и Граѓански здруженија со кои досега општина Валандово соработуваше . Ќе се стремиме кон  потпишување на нови декларации и меморандуми за соработка со сите  фактори кои се релевантни  во насока на унапредување на родовата еднаквост и рамноправноста меѓу мажите и жените . Исто така од големо значење од сето ова понатаму ќе биде економското зајакнување и вреднување на  жените за кое континуирано со годините се бориме.



Во текот на 2026 година во Општина Валандово се планира да се реализираат следните активности поврзани со стратешките приоритети од доменот на еднаквите можности:

**ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ЗА 2025**

| **С.П. 1 Родово одговорно образование**<br><br>**Цел: Родово одговорно образование** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет (МКД)** | **Одговорно лице** |
| **1. Промоција на механизми за препознавање, заштита и справување со меѓуврсничко насилство во училишта** | Организиран настан за промоција на Протокол за справување со меѓуврсничко насилство<br><br>Педагог, правник, психолог, модератор - трибина | Подигање на свеста за препознавање, заштита и справување со меѓуврсничко насилство | 2026 | **30.000,00** | Директори на училишта , стручни служби КЕМ<br><br>Координаторка за КЕМ<br><br>НВО |
| **2. Промоција на девојки во нетипични спортови во училиштата** | - организирање на фудбалски натпревари со девојки од 2-5 одделение во 8 основни училишта | - реализирани фудбалски натпревари со девојчиња<br>- број на девојчиња вклучени во натпреварите | 2026 | **20.000,00** | Наставници по спорт , тренери<br><br>Координатор за ЕМ<br><br>ЖФК Победа Валандово |
| **Вкупно С.П. 1** | | | | **50.000,00** | |

* Заб. Износите се однесуваат на делот за печатење промотивни материјали и закуп на простор додека основната парична помош е различна ставка во буџетот на општината и зависи од потребите и доставените барања .



| **С.П. 2 Спречување на родово базирано насилство**<br><br>**ЦЕЛ: Борба против родово базирано насилство, заштита и поддршка на жртвите** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет (МКД)** | **Одговорно лице** |
| **Одбележување на 16 дена активизам против родово насилство** | **Организирање на настани за подигање на јавната свест на граѓаните** | | Декември 2026 | **20.000,00** | Општина Валандово<br><br>Координатор за еднакви можности, КЕМ и НВО |
| **Инклузија на лица со попреченост преку воведување на програми за едукација во образовниот процес и истовремено организирање на повеќе трибини за подобрување на условите и пристапот кон лицата со попречености.** | **Ангажирање на лични и образовни асистенти во основните и средните училишта во Општина валандово** | **Број на ангажирани асистенти/асистентки**<br><br>**Број на корисници/корисничкии** | 2026 | **30.000,00** | Општина Валандово<br><br>Одделение за ЛЕР |
| **Вкупно СП 2** | | | | **50.000,00 ден** | |

* Заб. Износите се однесуваат на делот за печатење промотивни материјали и закуп на простор додека основната парична помош е различна ставка во буџетот на општината и зависи од потребите и доставените барања .



| **С.П. 3 Еднакво учество на жените во јавниот и политичкиот живот**<br><br>**ЦЕЛ: Зголемено учество на жените на одлучувачки позиции во општина Валандово** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет (МКД)** | **Одговорно лице** |
| | | | | | |
| **1. Анализи и работилници за жени за рано вклучување во пазарот на трудо** | | - Број на згрижени деца во градинката<br>- бр на родители кои ќе се вклучат во пазар на труд | 2026 | Не се потребни фин средства освен за печатење и копирање **10.000,00** | Општина Валандово, Министерство труд и социјална политика – АВРМ |
| **2.Обука за родова интеграција на советници и жени на одлучувачки позиции на Општина Валандово** | - Организирање на повеќе работилници | Број на обуки<br>Број на обучени лица<br>Подигање на свеста на советниците за воведување родова перспектива | 2026 | **30.000,00** | КЕМ Совет на Општина Валандово |
| **ЦЕЛ: Афирмација на културата од родов аспект** | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет (МКД)** | |
| **Организирање на трибини за значењето на Празникот на жената** | -трибина и ликовна и поетска колонија | - организирана и реализирана Ликовна изложба од дела по објавен конкурс- | 2026 | **10.000,00** Трошоци за печатење | КЕМ<br>Дом на култура |
| **ЦЕЛ: Воведување на родова компонента во процесот на буџетирање** | | | | | |

* Заб. Износите се однесуваат на делот за печатење промотивни материјали и закуп на простор додека основната парична помош е различна ставка во буџетот на општината и зависи од потребите и доставените барања .



**СП.4 Подобрување на економската состојба на жените**

**ЦЕЛ: Подобрување на економската состојба на жените во општина Валандово**

| Мерка | Активност | Индикатор | Временска рамка | Буџет (МКД) | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Промоција на успешни жени како модел/пример за добри практики** | - Промоција на видео спотови за успешни жени интернационално -јавна дебата за женско претприемништво во Општина Валандово | **-Број на учесници на јавната дебата** | Февруари - Март 2026 | **20.000,00** денари | КЕМ, координатор за еднакви можности, Un Women |
| **2.Подигање на свеста на руралната жена** | Одбележување на 15 Октомври – Меѓународен ден на руралната жена (дебата) | Број на жени присутни Број на жени говорнички | Октомври 2026 | **20.000,00** | КЕМ |
| **4.Олеснат пристап на жените до пазар на трудот (промотивни мерки за активни мерки за вработување)** | Отворени денови Промоција Едукација | Зголемено учество на жените на пазарот на трудот | 2026 | **10.000,00** | КЕМ АВРМ |
| **Вкупно С.П.4** | | | | **80.000,00 денари** | |

* Заб. Износите се однесуваат на делот за печатење промотивни материјали и закуп на простор додека основната парична помош е различна ставка во буџетот на општината и зависи од потребите и доставените барања .

Доколку во тек на реализирањето на активностите се покаже дека некоја активност заради актуелност добила акцент ќе се спроведе вон планираните назначени активности но финансиската импликација ќе се движи во планираните буџетски рамки .

Вкупно планирани средства за 4 те СП во акцискиот план од ПРОГРАМАТА за Еднакви Можности
**...................... .........................................................................................................................................200.000,00 ден**
**Вкупно финансиски средства во програма за еднакви можности за 2026год..................200.000,00**



За реализација на целите на Програмата за еднакви можности и спроведувањето на Оперативниот план  општина Валандово ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси .Ќе соработува со сите чинители ( организации , институции и поединци ) и засегнати страни за унапредување на родовата еднаквост и рамноправност на локално ниво , вклучително граѓанските организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите .

Во контекст на дефинираните цели активностите најмногу ќе се насочуваат кон едукација и обука на населението и сите чинители во доменот на еднаквите можности .

## МЕТОДИ НА РАБОТА

Основни методи кои ќе бидат користени во реализацијата на активностите се:

- **Работни средби**   Организирани за координација помеѓу КЕМ , Градоначалникот ( општинската администрација ) и другите партнери во реализацијата на активностите ( експерти од одредени области  , НВО-и , целни групи на граѓани и др ) кои ќе учествуваат во имплементацијата на активностите .

- **Дискусионо обучувачки методи** ќе бидат користени во рамките на спроведување на обуките , предавањата , советувањата и сл. согласно активностите. Во формата на обуките , предавањата, советувањата и сл. ќе се користат современи едукативни технологии, аудио визуелни и мултимедијални средства . Евалуативни прашалници пополнети од страна на учесниците во активностите .

- **Истражувачко аналитички  методи** ќе се користат при анализа на постигање на целите . Приоритетно ќе се применуваат методите на анализа , собирање , анализирање и систематизирање на информацијата ( интервјуа и анкети со целните групи )
- **Информативно промотивни методи** овој тип на методи ќе се користат при дистрибуцијата и презентирањето на рекламните и пропагандните материјали, организацијата на обуките , предавањата , советувањата и други потреби согласно содржината на активностите .



**Правни методи** ќе се користат при спроведувањето на процедурите и законските одредби кои ќе произлезат од понатамошните активности

**Финансирањето** на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Валандово.

**Методите на работа на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите остануваат исти заради тоа што досега е констатирано дека дале позитивен фитбек кон локалната заедница и одлично се препознаени од засегнатите граѓани.**

## МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Валандово и координаторот и заменик координаторот за еднакви можности кои го изработија оваа Програма ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели .

До Советот на Општината , Градоначалникот и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на жените и мажите ќе се доставуваат и Програмата и нејзиниот оперативен план и Годишниот извештај за имплементација на активностите и соодветната реализација на зададените цели .

**Комисија за еднакви можности на жените и мажите**

**Координатор** Елена Фидански

**Заменик координатор** Емилија Заева-Костова

**Претседател** Данче Ѓоргиева

**Членови**: Донатела Пејовска, Перо Наков, Томче Наков, Сања Павлоска, Лепа Костадиноска,Тања Атанасова

